СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1687/2021
Дата......18. 11. 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка (“Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Општина Демир Хисар** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани "Горни Ливади 2", на КП 461/2-дел, КП 462-дел, КП 463-дел, КП 465-дел, КП 466-дел, м.в. "Горни Ливади", со моќност до 1 MW, КО Прибилци, Општина Демир Хисар.**

Површината на предметниот опфат изнесува 1,39 ha, зафаќа земјоделско земјиште: нива (III и IV класа), ливади (IV класа).

Предметниот опфат граничи со опфат за кој што се издадени Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани "Горни Ливади 1" на КП 461/1, дел од КП 461/2, дел од КП 462, дел од КП 463, КП 464, дел од КП 465 и дел од КП 466, м.в. "Горни Ливади", КО Прибилци, Општина Демир Хисар, со тех. бр. Y22721 и за истите има издадено Решение бр. УП1 15-1425/2021 од 28.09.2021 год..

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.**


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y24921** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани "Горни Ливади 2", на КП 461/2-дел, КП 462-дел, КП 463-дел, КП 465-дел, КП 466-дел, м.в. "Горни Ливади", со моќност до 1 MW, КО Прибилци, Општина Демир Хисар, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани "Горни Ливади 2", на КП 461/2-дел, КП 462-дел, КП 463-дел, КП 465-дел, КП 466-дел, м.в. "Горни Ливади", со моќност до 1 MW, КО Прибилци, Општина Демир Хисар, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk